редакција
маркетинг
претплата
контакт
ВЕСТ
www.vest.com.mk
Читај и мисли слободно

**Година: 7 Број:2151 Понеделник 8/20/2007**

ГАСТАРБАЈТЕРИ НАПОМОШ

# Македонија ќе се стори ОК до 2025

Најпознатиот менаџер со македонско потекло Мајк Зафировски не верува во успех преку ноќ, но верува декаМакедонија ќе има конкурентна и здрава економија, како што изјави при промоција на меѓународната организација "Македонија 2025"




Најпознатиот менаџер со македонско потекло Мајк Зафировски, кој во моментов е главен извршен директор на канадската телекомуникациска компанија "Нортел", верува дека до 2025 година Македонија ќе има конкурентна и здрава економија. Бизнисменот Зафировски завчера во Охрид, пред домашни бизнисмени и менаџери ја промовираше меѓународната организација "Македонија 2025", во чиј Управен одбор се наоѓаат познатите бизнисмени со македонско потекло кои имаат желба да го помагаат економскиот развој на земјата.

"Мислам дека сега има добра платформа за реализација на идејата 'Македонија 2025'. Успех преку ноќ не може да се очекува, но се надевам дека ќе се случи и пред 2025 година. "Македонија 2025" пред себе има поставено три цели. Да помогнеме во изборот на индустрии за кои веруваме дека имаат потенцијал за развој, како што се информатичката технологија и туризмот. Сакаме да ја разбудиме желбата кај луѓето да се занимаваат со бизнис, односно да го охрабриме развојот на претприемништвото. Дел од нашата цел е да го пренесеме нашето искуство и да ги искористиме нашите контакти и познанства", истакна Зафировски пред присутните.